СДСМ

# ЕДЕН СДСМ

# ЗА СИТЕ

ИЗБОРНА ПРОГРАМА
2025-2029

**Д-р Венко Филипче**

**кандидат за претседател на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија**

*Почитувани членови, драги другари и другарки,*

*Пред девет месеци, застанав пред вас и ја побарав вашата доверба за да го водам Социјалдемократскиот сојуз во најтешкиот период од неговото постоење. Тогаш не ви ветив чуда и не ви дадов празни зборови. Ви ветив само едно – дека ќе работам со сета моја сила, искрено и посветено, за да ја обновиме нашата партија и да ја поставиме на патеката што ѝ припаѓа – патеката на победите!*

*СДСМ тогаш беше партија што излегуваше од тежок пораз, со рани што требаше да ги залечиме и со проблеми што требаше храбро да ги решаваме. Но денес, девет месеци подоцна, можам да кажам дека најтешкото е зад нас, а СДСМ се менува онака како што бараа и очекуваа нашите членови.*

*Денеска, Социјалдемократскиот сојуз е отворена партија која силата ја црпи од своите членови, а политиките ги гради во дослух со нивните потреби и барања. Денеска, секој член има свој глас, секој има свое место и секој може да биде дел од големите одлуки што ја носат нашата партија напред. Покажавме дека можеме да направиме промена – промена што ја враќа партијата блиску до членовите, симпатизерите и граѓаните. Во изминатите девет месеци, СДСМ ги реафирмираше своите вредности, јасно ја дефинираше својата мисија и ги постави темелите на новите социјадемократски политики.*

*Кога ја презедов одговорноста да ја водам партијата, реков дека СДСМ повеќе нема да биде затворена партија, дека одлуките нема да се носат во тесни кругови, дека повеќе нема да има раководство кое е далечно од своето членство. Се заложив да создадеме партија што ќе дише заедно со своите членови, што ќе биде вистински дом на секој социјалдемократ.*

*Ветив и дека низ еден инлузивен процес ќе ги бираме локалните раководства и дека во тој избор никој нема да биде оставен на страна и тоа го направивме. Ветив и дека јасно ќе се позиционираме како граѓанска партија која ќе ги штити граѓаните и ќе нуди решенија и политики во нивни интерес, на теми и проблеми кои се реални и ги засегаат сите. Тоа СДСМ и го направи.*

*Во изминатите девет месеци одржавме стотици средби низ целата држава – во секој град, во секое место. Направивме храбри кадровски промени, давајќи шанса на нови луѓе. Вратени се и мнозумина кои беа разочарани, но чија љубов кон СДСМ никогаш не згасна.*

*Ова не беше лесен процес и тој процес се уште трае. Има предизвици, има отпор, но најважно е што СДСМ се отвори. Вратата е ширум отворена за сите! Нема повеќе место за поделби, за фракции и за лични интереси. Постои само една заедничка цел – силна, модерна и победничка социјалдемократија!*

*Драги другари и другарки,*

*Кога ја преземав оваа одговорност, некои рекоа дека СДСМ никогаш нема да се опорави, дека е премногу рано да зборуваме за победи. Но, денес можам да ви кажам – СДСМ повторно застанува на нозе!*

*СДСМ се мобилизира, СДСМ се екипира и СДСМ повторно ќе биде клучниот фактор што ќе ја одреди иднината на нашата земја!*

*Пред нас се локалните избори. Ова е моментот кога треба да покажеме дека сме тука, дека сме обединети, дека можеме да ја вратиме довербата на граѓаните!*

*Знам дека патот нема да биде лесен. ВМРО-ДПМНЕ ќе прави сѐ за да ја задржи власта, ќе се служи со лаги, со заплашувања, со темни методи кои сите добро ги знаеме. Оваа Влада за само девет месеци ја срози надежта за промени, го осиромаши народот со лоши економски политики и ги партизираше институциите. Оваа Влада нема концепт за државата и се отуѓи од луѓето. Затоа, ние имаме шанса. Имаме шанса со фер понуда, со искрени и чесни луѓе да ја вратиме довербата и да добиеме поддршка од граѓаните.*

*Но, ние имаме нешто што тие никогаш нема да имаат – имаме луѓе со срце, со идеја, со верба во праведна, просперитетна и солидарна Македонија!*

*Ова е повик до сите вас – до сите кои останавте лојални, до сите кои чекате вистинска шанса да помогнете, но и до сите оние кои се оддалечија од партијата.*

*Сега е моментот да застанеме заедно!*

*Сега е моментот да ја вратиме СДСМ на победнички патеки!*

*Сега е моментот да ја вратиме надежта кај граѓаните!*

*Ве повикувам – секој од вас е важен. Секој член, секој активист, секој кој верува во нашата идеја. Ова е наша битка, битка за вредностите на кои почива оваа партија.*

*Јас повторно ја барам вашата доверба, но не заради мене – туку заради сите нас! Да продолжиме да го градиме СДСМ како партија на народот, да ја вратиме силата и да ја донесеме победата!*

*Да живее СДСМ! Да живее Македонија!*

*Д-р Венко Филипче*

*Скопје, февруари 2025 година*



# 1. ОБНОВА НА ИДЕОЛОШКИТЕ ПОСТУЛАТИ НА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТИЈАТА

Живееме во време на силна доминација на десен популизам во агресивна форма, која ги подрива принципите на еднаквост и социјална правда. Ваквиот феномен е очигледен и распространет низ поголемиот дел на Европа и Светот, но, за жал, по последните парламентарни избори во Република Северна Македонија, станува дел и од нашето секојдневие.

Во време кога СДСМ управуваше со државата, политиките со кои се одликуваше Република Северна Македонија, беа насочени кон еднаквост, разумно распоредување на државните ресурси, заштита на ранливите категории граѓани и социјална правда. Но, сето тоа денес е под ризик да биде заменето со политика на концентрација на капиталот кај мала група на моќници, без да се води сметка за реалните потреби на граѓаните, за еднаков пристап до пазарот на труд и здравствената заштита и за висината на месечната синдикална потрошувачка кошница, која веќе ни приближно не може да се следи.

Политичката реторика на антивредности од нашите опоненти, која од ден на ден како темен облак не надвисува, е во насока на поништување на се она што го постигнавме, а тоа вклучува членство на Република Македонија во НАТО, со јасна политика на интеграција и на цврсто изградена меѓународна позиција и пријателски односи со соседите, како и почнување на пристапните преговори за членство во Европската Унија, во која се гарантираат и константно унапредуваат основните права и слободи на човекот и граѓанинот како основни социјалдемократски начела.

Сето тоа сега е загрозено, а државата се соочува со опасност од затворање и изолирање на меѓународен план, што ќе претставува совршена подлога за развој на груб конзервативизам и остра партизација на секоја пора на општествено-политичкиот живот од страна на владејачкото мнозинство, без да понудат решение за основните егзистенцијални проблеми и потреби на граѓаните.

Оттука, соочувањето со ваквото идеолошко и политичко девалвирање на улогата на државата, единствено е можно со негово пресретнување со вистински социјалдемократски политики, базирани на изворните вредности на социјалдемократијата. Затоа социјалдемократската идеологија е единствената вистинска и реална патриотска опција, за спротивставување на овие тенденции, идеологија која е родена во револуционерната борба за еднаквост и правдини дома, но и во глобалниот свет на демократски народи и држави.

Во современиот контекст, таа револуционерност ги подразбира токму определбите за напредок и битките за прогрес, наспроти регресивните тенденции, при тоа уважувајќи ја историјата како искусна учителка за натамошните перспективи, а не како нивен кочничар. СДСМ токму од минатото го влече денешниот револуционерен и прогресивен поглед кон иднината, поставен на принципите на отвореност и интеграција, наместо исклученост и изолација.

Како претседател на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, во наредните четири години од мојот мандат, секојдневно ќе се борам за доследна инклузија на идеолошките вредности на социјалдемократијата, во сите форми и нивоа на партиското работење. Економските политики и  мерки, кои гарантираат социјалната еднаквост и социјалната правда, ќе бидат основа на политичката програма на СДСМ и комуникацијата во јавниот дискурс со граѓаните.

Како претседател, преземам обврска да го предводам мојот тим, во градење на СДСМ како партија која ќе биде препознаена како вистинска социјалдемократска опција, со политики и мерки изградени врз основа на чисти социјалдемократски вредности.

Предизвиците со кои денес се соочува Република Северна Македонија, како што се зголемената нееднаквост, загрозената демократијата, растечката сиромаштија и социјален јаз, може да бидат адресирани само ако се потпреме на најдобрите практики и вредности на социјалдемократијата, односно на принципите на еднаквост, социјална правда и солидарност. СДСМ секогаш се стремел и ќе продолжи да се стреми кон идеалите на

слобода и еднаквост, осигурувајќи дека секој граѓанин ќе може да води достоинствен живот. Достоинството и благосостојбата на секој граѓанин е примарна цел на СДСМ.

Ние цврсто веруваме дека единствено праведно општество е она општество во кое секој поединец има непречен пристап до основните животни и егзистенцијални потреби, вклучувајќи квалитетно образование, здравствена заштита и социјална сигурност. Поаѓајќи од принципот дека силата на нашето општество лежи во благосостојбата на сите негови членови, и како опозиција, останувaме посветени на борбата, овие услуги да бидат универзално достапни и со највисок стандард.

Економската правичност е централна во нашата идеологија. Во услови на рапиден раст на цените на прехранбените продукти, електричната енергија и на сите останати добра, нужни за пристоен живот, ние ќе креираме и ќе нудиме политики за стабилизирање на ценовните шокови и гарантирање на цените на основните ресурси за живот, како и политики и мерки кои ќе обезбедуваат правични и повисоки плати, безбедност на работното место и пристојни работни услови.

Како социјалдемократи, нашето гледиште кон здрав економски развој ја приоретизира социјалната инклузивност и намалување на социјалниот јаз помеѓу богатите и сиромашните, бидејќи силна економија е онаа која функционира за секого, а не само за малкумина привилегирани, економија чија стабилност ќе ја обезбедува средната класа. Оттука, вредносно изградените политики на СДСМ ќе продолжат да бидат во насока на поддршка на малите и средни домашни бизниси, кои несомнено се под удар на владината политика за поддршка на неколкумина големци, кон кои е насочен сиот државен капитал и даночни поволности. Сведоци сме дека во време на владеење на десницата средната класа е ставена на крајот на агендата, не е ни меѓу приоритетите и доедена е до исчезнување. СДСМ се залага за подобар животен стандард на сите граѓани, им се обраќа и се грижи за сите подеднакво. СДСМ се залага за правна сигурност, која под десничарите со постојано менување закони во интерес на големите бизниси, станува невозможна цел, а која е неопходна за развој на малите и средните бизнси. Правна сигурност што ќе обезбеди стабилни плати, социјлни услуги и сигурни пензии за граѓаните.

## 1.1. ГРАДЕЊЕ КОАЛИЦИИ И ПАРТНЕРСТВА

Доследното почитување на принципите на социјалдемократијата при донесувањето на одлуки и политики, ќе биде пресликано и ќе претставува основен принцип на СДСМ при креирањето на коалиции и сојузи во иднина, односно при избирањето на партнерите за изборно и вонизборно делување.

Како претседател на СДСМ, ќе инсистирам идните партнерства и коалиции да се темелат на вредносни постулати и принципи кои се заеднички за нас и нашите идни партнери. Само така, можеме да изградиме искрени и одржливи партнерства, кои во соодветно време, ќе прераснат во владина коалиција. Само партнерства кои подлежат на заеднички споделени вредности, кои вклучуваат еднаквост, солидарност, правда и заштита на човековите права и правата на ранливите групи, како и заеднички став за европските вредности и принципи кон кои Република Северна Македонија единствено треба да се стреми, се искрени и одржливи.

Искуството од минатото покажува дека коалициите кои се засновале на гола изборна калкулација, невтемелена на заеднички вредности, идеологија и принципиелен вредносен став околу клучните политики, најчесто му донесувале штета единствено на СДСМ. Затоа, нема да дозволам СДСМ да биде дел од такви партнерства, кои на долг рок ќе донесат штета на угледот и реномето на партијата, дури и тогаш кога таквите партнерства може да бидат изборно исплатливи на куси патеки.

СДСМ ќе ги интензивира односите и партнерствата со синдикатите во Република Северна Македонија. Борбата за правата и статусот на работниците, е нешто, на кое и досега безрезервно сме се посветувале и оттука тесната соработка со организациите со кои ваквата политика ни е заедничка вредност, е нужна и во насока на заштита и унапредување на правата на работниците во земјата.

Во контекст на партнерствата и коалициите во општествено-политичкиот живот, неминовно најзначајно место зазема прашањето за односот на СДСМ кон граѓанскиот сектор односно кон здруженијата на граѓани и невладините организации.

Историски гледано, СДСМ веројатно е единствената партија која секогаш градела и одржувала цврсти и искрени партнерства со граѓанскиот сектор кој бил вредносно близок во своите уверувања и дејствување со вредностите на партијата. Впрочем, ваквиот однос и доверба беше основен предуслов и за „Шарената револуција“, како своевидна автохтона творба, специфична и уникатна симбиоза на независниот граѓански крик за слобода и подобро утре и визијата на СДСМ, како најголем политички субјект за изградба на „едно општество за сите“.

За жал, начинот на практикување на власта и несомнено, дел од грешките кои ги направивме попатно, не дистанцираа од граѓанскиот сектор. Затоа е најважно ваквото партнерство да се обнови и да се втемели на заеднички принципи и заложби, за градење на подобро утре за идните генерации.

Водејќи се од принципите на социјалдемократијата, но и јавното мнение на граѓаните, предлагам идното сеопшто делување на СДСМ да се потпре на неколку клучни столбови, на кои ќе се постави акцентот во јавниот дискурс на партијата и на кои интензивно ќе се насочиме во креирањето политики за потребите на граѓаните.

## 1.2. Столб 1 – Економија и животен стандард

Економијата е област во која СДСМ отсекогаш предничела со силни конструктивни и конкретни политики и мерки, односно област за која несомнено можам да кажам, беше најуспешна, во периодот од 2017 до 2024 година, кога ние ја предводевме Владата.

Затоа, во ова време на сериозни ценовни флуктуации и шокови, растечка инфлација која го загрозува стандардот на граѓаните и целосна негрижа и безидејност на власта за пресретнување на ваквите трендови, СДСМ како и секогаш, ќе застане во заштита на граѓаните и нивниот стандард, со понуда за реални и издржани економски политики. Стремејќи се кон општество на социјална еднаквост и инклузивни економски политики, СДСМ ревносно ќе се бори за повисок животен стандард, преку конкретни предлози за линеарен и континуиран раст на платите и ќе биде силен коректив на владата во

управувањето со јавните финансии и политики од оваа област. Во таа насока, СДСМ остро ќе се спротиставува на политиките на задолжување на земјата, кои, за жал, ДПМНЕ агресивно ги спроведува од првиот момент на преземање на власта во Македонија, а чии последици можат да бидат далекусежни, нарушувајќи го и политички и економски системот на земјата и ставајќи ја во подредена положба и „заложништво“ на трети земји.

Политиката на одржување стабилен и одржлив економски раст, која ја водевме од позиција на власт, ќе продолжиме да ја нудиме и како најголема опозициска партија во земјата. Во овој контекст, признавајќи ја сопствената грешка во однос на одржувањето на прогресивниот данок, а имајќи во предвид дека се работи за мерка од областа на даночната политика која има автентична социјалдемократска вредност, насочена кон справедливост и инклузивност во работата со јавните финансии, СДСМ непоколебливо ќе го понуди моделот на „Прогресивен данок“ како основа на даночната политика која партијата ќе ја промовира, не отстапувајќи од истата и покрај евентуалните реакции од најразличните центри на моќ.

## 1.3. Столб 2 – Владеење на право

Заложбата за праведно општество и функционален правосуден систем, е основа за функционално демократско општество. Во време на растечка репресија, притисоци и мешање на извршната власт во обвинителската и судската власт, должност и обврска на опозицијата е да се спротивстави на тоа. Уште повеќе, имајќи ја предвид традиционалната тенденција на ДПМНЕ, да ја контролира „третата“ власт во државата, нарушувајќи ја нејзината уставно утврдена автономност и независност.

СДСМ будно ќе ги следи ваквите процеси, и ќе инсистира на доследно почитување на уставно загарантираната независност. Несомнено, како претседател на СДСМ, но и како граѓанин, препознавам потреба од подлабоки реформи и суштински подобрувања на судско-обвинителскиот систем во Република Северна Македонија. Но, според мене, тоа подразбира создавање на атмосфера на транспарентност, независност и професионализам, во која ќе се продуцира избор на највисоките професионалци од фелата.

За таа цел, СДСМ ќе предложи реформи, согласно препораките на Оценската мисија на ЕУ, следејќи ги најдобрите регионални и европски практики во овој домен.

## 1.4. Столб 3 – Животна средина и енергетска одржливост

Одржливоста е камен-темелник на нашата идеологија. Справувањето со климатските промени не е само еколошки императив, туку и социјален и економски. Нашите политики ќе се фокусираат на промовирање зелена енергија, намалување на емисиите на јаглерод и заштита на нашите природни ресурси.

Ќе поддржиме и промовираме политики на инвестирање во обновливи извори на енергија и ќе ја поддржиме транзицијата кон зелена економија, која создава работни места во новите индустрии, истовремено обезбедувајќи тренд на наше минимизирано влијание врз животната средина. СДСМ во изминатите седум години направи значаен исчекор во овој сектор и тоа мора да продолжиме да го поддржуваме и унапредуваме низ политиките кои ќе ги предлагаме.

## 1.5. Столб 4 – Демографски политики и обнова

Едно од есенцијалните прашања кои ги третира социјалдемократијата, е прашањето на демографската обнова. Во следните четири години од мојот мандат, ќе инсистирам СДСМ да креира и понуди најсоодветни мерки и решенија за овој широко распространет проблем во Република Северна Македонија, но и во регионот.

Прашањата за поддршка на работно ангажираните родители, социјалните услуги за семејствата со деца и политиките за зголемување на родителскиот додаток, ќе бидат во центарот на политиките на СДСМ. Дополнително, ќе имаме јасни и изводливи мерки за поддршка на „младите семејства" имајќи ги предвид, пред се финансиските предизвици со кои се соочуваат, но и мерки за дополнителна поддршка за семејствата со деца со посебни потреби.

Несомнено, при креирање на ваквата понуда на СДСМ, важни ќе бидат политиките за превенција и заштита на жртвите на семејно насилство, третирајќи го овој девијантен феномен како еден од најистакнатите агресори на демократското општество.

## 1.6. Столб 5 – Меѓународна политика и процес на интеграција

Примарен интерес за СДСМ отсекогаш биле националните интереси на Република Северна Македонија, кои не водат од независноста до денес, а тоа се обезбедување на самостојноста, суверенитетот и интегритетот на македонската држава. Таа политика, почитувајќи го меѓународното право и позицијата на Република Северна Македонија како независна држава, се докажа на следниот начин: станавме земја членка на ОН, земја членка на НАТО, ги регулиравме постапно сите односи со соседите, и го направивме првиот чекор во преговорите за членка на ЕУ. Сите тие достигнувања се остварени исклучиво како резултат на политиката на СДСМ, имајќи ги предвид суштествените интереси на македонските граѓани.

Сега сме исправени пред уште еден предизвик, кој повторно ни го наметнува политиката на дисконтинуитет во надворешните односи на ДПМНЕ, порано востоличен во дисконтинуитетот во политиката на ДПМНЕ на Груевски а сега на ДПМНЕ на Мицковски, кој се обидуваj по втор пат, и повторно со фингирани конфликти со соседите, да не блокира на влезот во ЕУ и уште еднаш да изгубиме драгоцено време и потенцијални ресурси за добробит за земјата.

Затоа, во наредниот период политиката на СДСМ ќе биде притисок до крајните демократски граници, за деблокирање на процесот на преговори со Европската Унија и конечна реализација на деценискиот интерес на Република Северна Македонија и нејзините граѓани.

Тоа ќе биде направено под императив на заштитата на националните интереси на Македонија, но истовремено со разбивање на сите лажни реторики и ветувања на ДПМНЕ за одбрана на националните интереси на земјата, кои всушност ги распродаваат.

## 1.7. Столб 6 – Младите луѓе

Статусот на младите луѓе во државата е *sui generis* прашање, кое во себе инкорпорира мноштво на социоекономски, образовни и политички проблеми. Младинската ерозија, е феномен кој се провлекува низ сите политички етапи на Република Северна Македонија, од независноста до денес. За жал, трендот постои и денес, а неконструктивната власт не покажува слух и интерес за негово суштинско решавање.

Како човек, доктор, професионалец, но пред се родител, отсекогаш се залагам за општество кое на младите луѓе им гарантира фер шанси и можност за квалитетно образование, конкурентно на останатите европски земји, и поддршка на пазарот на труд, која е есенцијална за градење на кариерата на секој млад човек.

Моето верување и заложби, ќе ги преточам во централна политика на СДСМ, креирана за поддршка на младите, кои се двигател на социјалниот, политичкиот и економскиот напредок на земјата. Младите во СДСМ треба да препознаат партнер, кој искрено ќе се бори за нивно квалитетно и инклузивно образование и за нивна економска независност.

## 2. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА СДСМ

Организацијата и раководењето се клучни за секој успех. Затоа, добрата организациска структура на партијата ќе биде императив за силен и победнички СДСМ. А силен и победнички СДСМ е клучен за силна и просперитетна Република Северна Македонија.

Во изминатите осум месеци, како претседател на СДСМ, го наметнав прашањето за организациско подобрување и зајакнување на партијата, во рамките на статутарно утврдените органи и тела, особено во делот на организациско-оперативните позиции. Тоа резултираше со зајакнување на постојната организациска структура на партијата, преку воведување на уште еден организациски секретар на СДСМ, задолжен за координација помеѓу централата и општинските организации на партијата, одлука која е донесена на 30-от Конгрес на СДСМ, кој беше прв под мое лидерство.

Дополнително, во духот на залагањето за родова еднаквост и инклузивност, Статутот на партијата беше дополнет со одредбата за различна полова припадност на Заменикот на претседателот од претседателот на партијата. Последователно, избрани се носителите на сите раководни позиции во партијата (заменик на претседателот, генерален секретар, потпретседатели и организациски секретари), како и претседатели и раководства во најголем дел од општинските организации, ширум земјата.

Со изборот на нов и енергичен тим е заокружен процесот на политичко и оперативно организирање на партијата, и во наредните четири години ќе се посветиме на градење на СДСМ во победничка партија, која повторно ќе застане на чело на Република Северна Македонија, предводејќи ја нејзината обнова и просперитетна иднина.

За тоа е потребно и креирање политики, програми и мерки од секоја област, што пак бара понатамошно организирање на партијата и воспоставување на стручни тела кои ќе дадат придонес во сите области на државната управа. Партијата мора во секое време да има капацитет да работи на сите нивоа и во сите сектори ефикасно – кога е на власт да и помага

на Владата, а која е во опозиција да ја следи и критикува нејзината работа, но и да креира и предлага алтернативни политики на секое ниво. Ваквата организација ќе го обедини целокупниот врвен интелектуален и професионален човечки потенцијал на СДСМ, распореден на различни нивоа и во различни области.

Оттука во структурата на СДСМ ќе се формира **Совет за политика и стратегии**. Ова тело ќе работи на дневна основа со претседателот и другите членови на ИО и ќе биде одговорно за развивање и следење на партиските политики и стратегии. Ќе се состои од искусни политичари, експерти и надворешни соработници кои на дневна и долгорочна основа ќе ги анализираат политичките состојби, комуникациската стратегија и политиките на партијата. По потреба, истото ќе се консултира и соработува со сите чинители во општеството кои може да помогнат за ревизија и креирање на политиките и активностите на партијата. Советот за политика и стратегија ќе биде задолжен да го контролира идеолошкиот развој и позиции на партијата и да ги усогласува политиките со социјалдемократските принципи. Ваквото ново тело во рамки на партијата ќе овозможи раководството да носи информирани, проверени одлуки. Политиките развиени преку ангажирање на засегнатите страни, експерти и искусни политичари имаат поголема веројатност да бидат широко прифатени од јавноста, бидејќи тие одразуваат широк опсег на интереси и грижи.

Редовното ажурирање на партиската стратегија гарантира дека СДСМ може брзо да се прилагоди на новите предизвици и можности, додека пак политиките засновани на докази и истражувања го подобруваат кредибилитетот на партијата.

Во рамки на овој Совет, ќе се формира уште едно тело, а тоа е Советот на ветерани на партијата, составен од искусни политичари на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија. Овој совет ќе служи како советодавен одбор на претседателот, користејќи го големото знаење и искуство на неговите членови за да ја води партијата и носи издржани стратешки одлуки. Создавањето на овој Совет се однесува на потребата од институционална меморија, континуитет и мудрост во раководната структура на партијата.

Искусните политичари имаат историски согледувања и научени лекции од минатите успеси и неуспеси, кои се од непроценливо значење за избегнување повторени грешки и ефективно носење одлуки.

Советот ќе дејствува како тинк-тенк, обезбедувајќи стратешки совети за развој на политики, изборни стратегии и внатрепартиски реформи.

Понатаму, од есенцијално значење за партијата е постоење на тело кое ќе се грижи односот на партиското раководство и функционери како на централно така и на локално ниво да се однесуваат во склад со највисоките морални и етички вредности, заеднички претставувајќи ја СДСМ како партија на чесни и морално исправни членови, кој доследно ги применуваат и почитуваат принципите на социјалдемократијата. Оттука е и мојата заложба за постоење на Комисија за етика и одговорност на СДСМ. Создавањето на Комисијата за етика и одговорност е критичен чекор во обезбедувањето транспарентност и етичко однесување во СДСМ. Историски гледано, партијата се соочи со бројни корупциски скандали и случаи на несоодветно однесување на партиските функционери, често поради недостаток на ефективен надзор и одговорност. Овие прашања сериозно го нарушија угледот на партијата и ја поткопаа довербата на јавноста. Оваа комисија ќе се справи со овие предизвици преку воспоставување строги механизми за следење и евалуација на работењето на партиските и државните функционери.

Комисијата ќе се погрижи сите членови на партијата, од најниско до највисоко раководно ниво, да се придржуваат до Кодексот на однесување на партијата. Доследно спроведување на овие етички стандарди е од витално значење за градење култура на интегритет и одговорност во партијата. Комисијата ќе воспостави јасен процес за истражување на поплаките и наводите за коруптивно или друго неетичко однесување, ќе ги мониторира медиумите и јавниот дискурс по прашања на однесување и работа на нејзините функционери и ќе обезбеди сите прашања да се решаваат навремено и праведно. Оваа транспарентност ќе ја зголеми довербата на јавноста, но и кај членовите во посветеноста на партијата за етичко однесување.

Кога е потребно, Комисијата ќе препорача дисциплински дејствија против членовите кои го прекршуваат Кодексот на однесување на партијата. Ова осигурува дека сите членови се одговорни за своите постапки, одржувајќи го интегритетот на партијата и довербата на јавноста.

Комисијата исто така ќе учествува во избор на кадри и носители на раководни позиции во партијата и во институциите. Формирањето на ваквата нова комисија е значаен чекор кон создавање подемократска, поодговорна и поефективна СДСМ. Етичкиот принцип на права со одговорност треба да важи за сите социјалдемократи.

## 2.1. Младите и СДММ

Еден од најзначајните предизвици со кои се соочува Социјалдемократскиот сојуз на Македонија денес е ерозијата на довербата кај младите. Во текот на изминатите неколку години, забележителен е постојаниот пад на бројот на млади кои се приклучуваат на нашите редови. Овој тренд претставува сериозна закана за долгорочната одржливост на партијата, бидејќи младинскиот ангажман е клучен за обновувањето на идеите, воведувањето на свежи перспективи и креирањето на перспективни политики.

Младите денес се чувствуваат исклучени од традиционалните политички структури и процеси. Многумина ги перципираат политичките партии како субјекти кои не се во допир со нивните потреби. Ретки се тие кои решаваат да се вклучат од идеолошки причини.

Од друга страна, порастот на радикалната реторика и партии, кои мобилизираат млади луѓе на основа на радикални десничарски идеологии, е во пораст и ова мора да го превенираме.

СДСМ ќе развие ефективна стратегија за привлекување на младите во своите редови, но и нивно правилно политичко насочување, што на среден и долг рок ќе овозможи СДСМ повторно да биде партија, во која прогресивната младина ќе сака да се приклучи, каде младите ќе можат да учат и да се развиваат и каде ќе се создаваат идните политичари.

Политиката на СДСМ во однос на младите ќе биде сосредоточена на трансформација на СДММ во платформа за создавање, образување и меѓусебна интеракција на млади лидери, кои на најдобар начин ќе ги промовираат младинските идеи и ќе се грижат за сопствената иднина. Оваа реформа на СДММ треба да обезбеди неколку клучни, долгорочни промени.

Креирање на механизми за развој и за промоција на идни лидери. СДММ мора да биде првиот чекор во политичката кариера на секој иден член на раководството, што пак ќе осигури конзистентност во политиките на СДСМ. Ова ќе вклучува и развивање на програми за обука и менторство на младите членови, за да можат да се кандидираат за внатрепартиски позиции.

Развивање на политики и иницијативи, кои директно одговараат на потребите на младите, бидејќи никој подобро не може да ги знае нивните проблеми, од самите тие и никој не може да има поефикасни идеи за нивно решавање.

Развивање на програми за изградба на капацитетите на младите со клучни политички вештини, што ќе вклучува воспоставување на партнерства со училишта, универзитети и младински организации.

СДММ мора да биде најсилната организација за општествен и политички активизам, која преку дигиталните канали, низ конкретни и редовни акции, ќе работи на подигање на јавната свест, поддршка на заедницата и ефективна комуникација со младите, ширејќи ја идејата за социјалдемократија.

## 2.2. Форум на жени на СДСМ – рамноправен партнер во креирањето политики

Ќе се залагам за понатамошно јакнење на позицијата на Форумот на жени на СДСМ и негова целосна вклученост во сите процеси и органи на партијата. СДСМ е првата партија во Северна Македонија и меѓу првите во регионот што воведе поттикнувачки механизми за рамноправна застапеност на двата пола во органите и телата на партијата.

Партиските политики за еднаквиот третман на жените во СДСМ, е веќе отсликан во државната политика, а родовата еднаквост е дел од многуте други политики и различни сфери од општеството.

Но, не застануваме тука. Ќе се залагам, Форумот на жени и нивните идеи да бидат втемелени во партиската програма, во чие креирање Форумот најдиректно ќе учествува. Како претседател на СДСМ, секогаш ќе давам силна поддршка за реализирање на сите програмски активности на Форумот на жени, а ќе предложам воведување на механизми за проверка на политиките на СДСМ, преку кои жените во партијата ќе можат директно да ги изразат своите грижи и предлози .

Ќе се залагам, Форумот на жени да развива политики кои се однесуваат на клучните прашања што ги засегаат жените, како што се родово базираното насилство, економското зајакнување на жените и баланс помеѓу работата и приватниот живот, здравствената заштита и образованието на жените и девојките.

Со ваков пристап, Форумот на жени на СДСМ ќе има влијателна улога во обликувањето на партиските политики, застапувањето за родова еднаквост и зајакнувањето на жените на сите нивоа на општеството и ќе придонесе за севкупниот напредок и модернизација на СДСМ.

## 2.3. Форум на пензионери

СДСМ е партија која секогаш се потпирала во своето работење на пензионерите, како најискусни членови, чии професионални знаења, вештини и искуство од најразлични области. Затоа, ќе се залагам за воспоставување на механизми кои ќе им овозможат нивните знаења, вештини и искуство да ги вградат при креирањето на политиките на СДСМ, особено оние политики и мерки кои се однесуваат на самите нив.

Во тој контекст, ќе предложам Форумот на пензионери на СДСМ, да биде издигнат на исто рамниште со Форумот на жените, за да можат да добијат право на глас во општинските Извршни одбори, во кои сега учествуваат во работата, но без право на глас. На

тој начин, ќе придонесеме кон зајакнување на организацијата на работењето на пензионерите и зголемување на нивната активност, особено во следењето на работата на органите на управата.

## 3. ВОВЕДУВАЊЕ НА МЕХАНИЗАМ „ВЛАДА ВО СЕНКА“ – ОД СИСТЕМ НА СТРУЧНИ КОМИСИИ КОН „ВЛАДА ВО СЕНКА“

Во изминатите години, Системот на централните стручни комисии на СДСМ го зацврсти своето место во хиерархиската структура на партијата, но неговата главна улога беше фокусирана на подготвувањето на изборните програми на партијата за парламентарни и локални избори.

Време е овој систем да го надградиме и унапредиме. Време е да преземеме критичен чекор кон изградбата на вистинска, инклузивна и подготвена опозиција. Време е да создадеме „Влада во сенка“, затоа што вистинската демократија бара не само критика на власта, туку и конструктивна алтернатива која може да ги поправи недостатоците на актуелната власт. Се инспирираме од успешните модели во западните парламентарни системи, каде опозицијата со формирање на „влада во сенка“ игра клучна улога во контролата и подготвеноста за промени.

Целта на создавањето на „влада во сенка“, е да обезбедиме ефективна алтернатива на коалицијата од десно ориентирани партии која управува со државата. Преку овој механизам, формираме сопствен состав од „министри во сенка“, одговорни за алтернативни политики и за контрола врз работата на владата. Овој модел обезбедува транспарентност, подготвеност за криза и ефикасно следење на јавните политики.

„Владата во сенка“ ќе се потпира на следните цели и принципи:

1. **Демократија и транспарентност:** Да создадеме структура која е отворена, отчетна и базирана на принципите на социјалдемократската визија за праведност и еднаквост.

2. **Политичка алтернатива:** Да развиеме и презентираме конкретни3 политички програми кои ја адресираат недоволната економска развојна состојба, преку инклузивен раст, инвестиции во човечки капитал и социјална заштита.

3. **Подготовка за владеење:** Да идентификуваме, обучиме и назначиме врвни експерти и лидери, подготвени да ја преземат одговорноста при трансформација на политичкиот систем, кога ќе се создадат услови за смена на власта.

„Владата во сенка" ќе се структурира и организира низ следните елементи:

- **„Кабинет (Влада) во сенка":** Секоја клучна област односно ресорно министерство, ќе биде покриено од страна на назначен „министер во сенка", кој ќе ги следи и анализира актуелните политики на владата и ќе предлага алтернативни решенија.
- **Стручни комисии:** Ќе формираме стручни комисии од високо квалификувани членови, кои ќе координираат со работата на „Кабинетот (Владата) во сенка", ќе обезбедуваат стратешка насока и ќе ги интегрираат препораките во сеопфатна платформа.
- **Консултативни групи:** Ќе вклучиме експерти, академици и претставници на граѓанското општество, за да обезбедиме широк спектар на идеи и иновативни политики.

„Владата во сенка" ќе работи преку следните клучни мерки:

1. **Планирање на економски развој:** Развој на стратегии за создавање на нови работни места, поттикнување на локалната претприемничка активност и привлекување на странски инвестиции, со акцент на локалниот развој.

2. **Социјална политика:** Обезбедување на силни социјални мрежи, подобрување на здравствените и образовните услуги, како и развој на политики за социјална инклузија.

3. **Контрола и отчетност:** Воспоставување на механизам за редовен увид и јавна презентација на резултатите од работата на „министрите во сенка", со цел подобра контрола на власта и поддршка од граѓаните.

# 4. КОНЦЕПТ ЕДНО ОПШТЕСТВО ЗА СИТЕ

За нас Едно општество за сите подразбира: признавање на сите различности, гарантирање и обезбедување еднаквост, социјална правда, правичност, еднакви можности на жените и мажите, вклученост и учество на граѓаните во одлучувањето и постигнување општествена кохезија

Централен принцип на нашата платформа е заживување токму на концептот „Едно општество за сите“. Оваа визија го нагласува единството, инклузивноста и взаемното почитување меѓу сите граѓани на Северна Македонија. Тоа е отфрлање на поделеноста и дискриминацијата и заложба за градење кохезивно општество каде секој се чувствува ценет и вклучен. Наша цел мора да биде да изградиме општество каде различноста се гледа како сила и сите работат заедно за општото добро.

Во ера во која националистичката и популистичката реторика е во пораст, како во Северна Македонија, така и на глобално ниво, СДСМ стои цврсто на својата определба за промовирање политика на надеж и инклузија.

Она за кое СДСМ безрезервно ќе се залага од позиција на одговорна партија, со цел одржување и унапредување на концептот „Едно општество за сите“, кој за нас е единствен исправен општествен модел, е продуцирање на политики во насока на ревитализација на институциите во државата од законодавната, извршната и судската власт во функција на изградба и афирмација на концептот „Едно општество за сите со развиен интеркултурализам“, зајакнати функционални институции кои континуирано го етаблираат и развиваат концептот „Едно општество за сите со развиен интеркултурализам“ и воспоставување функционална мрежа за соработка и интеракција на институциите одговорни за концептот „Едно општество за сите со развиен интеркултурализам“.

**На крајот сакам да ве уверам и да изразам личен став. Ќе ја раководам партијата чесно и самопрегорно. Не штедејќи се. Од вас ќе барам помош и соработка на тој пат.**

**СДСМ била, е, и ќе остане најпрогресивната партија, која ќе го води македонското граѓанство низ демократија и висок животен стандард кои тоа ги заслужува, во Европската унија, каде што ни е местото како европска земја.**

**Ќе победиме!!!**

